ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ТЕАРЦЕ ЗА 2025 ГОДИНА

Теарце, март 2026

Содржина:

1. **Вовед**

2. **Завршна сметка 2025**

2.1. Делот на приходи, планирани и реализирани

2.2. Делот на расходи планирани и реализирани

3. Блок дотации

3.1. Планирани и реализирани приходи

4. Краток извештај на обврски и побарувања


4.1 Побарувања

4.2 Обврски

- **1.Вовед**

1.1. Податоци за општината

Општина Теарце се наоѓа во северозападниот дел на Република Македонија



Во составот на општина Теарце се наоѓаат 13 населени места, четири села се ридско-планински , а останатите се наоѓаат во котлинскиот дел на општината.

Во состав на општина Теарце се следните населени места: **Слатино, Теарце**, **Нераште**, **Доброште**, **Пршовце, Глоѓи**, **Брезно, Варвара Јелошник, Лешок, Непроштено, Одри** и **Првце**

Општина Теарце како општина функционираше до 1965 година, но од 1966 година според законот за територијална организација се укина и се спои со општина Тетово. Општина Теарце како општина е формирана од 1996год. според законот за териториална организација. Се наоѓа северозападниот дел на РСМ која што опфаќа површина од 136.55км2, во која што живеат 17.694 граѓани од 25.638 попишани граѓани според пописот од 2021год. Густината на резидентни жители на општина Теарце се 129,6 жители на км². Според бројот на населените места и површината која ја опфаќа Општина Теарце влегува во групата на малите општини во Р.С.М.

1.2. Буџетот и одлуката за реализација на буџетот

Буџетот на Општина Теарце е изготвен во согласност со законските и подзаконските акти кои ги регулираат правата, обврските и надлежностите на општините, односно во согласност со Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 05/02 и Службен весник на РСМ бр. 202/24), Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и Службен весник на РСМ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24, 173/24 и 37/25), Законот за буџетите (Службен весник на РМ бр. 64/05, 04/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16 и Службен весник на РСМ бр. 151/21 и 203/24), макроекономските индикатори, фискалната политика на Владата на Република Северна Македонија, вклучително и упатствата за подготовка на буџетите на единиците на локалната самоуправа за 2025 година доставени од Министерството за финансии на Република Северна Македонија.

Буџетот на Општина Теарце за 2025 година и Одлуката за реализација на Буџетот на општината за 2025 година се усвоени на седницата на Советот на Општината одржана на 24.12.2024 година.

Според писмото на Министерството за финансии со архивски број 08-4435/1 од 15.04.2025 година, буџетот на општината во текот на 2025 година претрпел измени како што следува:

На 18.06.2025 година, Советот на општината донел Одлука за ребаланс на буџетот, со проширување на основниот буџет во делот на средствата од ДДВ, на приходната сметка 741115 – дотации од ДДВ, која е зголемена од 34.467.758 ден. на 50.912.970 ден. (средствата од ДДВ се зголемени за 16.445.212 ден.).

На 25.07.2025 година, согласно писмото на Министерството за финансии со архивски број 08-4435/2 од 20.07.2025 година, дошло до зголемување на основниот буџет, односно приходната ставка 741115 – дотации од ДДВ е зголемена од 50.912.970 ден. на 52.844.834 ден., што претставува зголемување од 1.931.864 ден.

Кај блок дотациите имало намалување на приходната ставка 741120 – блок дотација за посебни намени од 212.381.988 ден. на 195.458.247 ден., при што намалувањето се однесува на блок дотацијата за градинката во износ од 16.923.741 ден.

Согласно писмото на Министерството за образование и наука со архивски број 12-15401/1 од 10.12.2025 година, Советот на општината донел Одлука за проширување на буџетот на блок дотацијата за основните училишта во износ од 5.621.000 ден., на вонредна седница одржана на 11.12.2025 година.

Буџетот на општината за 2025 година изнесува:

Основен буџет: 171.612.237,00 ден.

Блок дотации: 202.489.218,00 ден.

Буџет од сопствени финансиски активности: 2.000.000,00 ден.

Буџет од донации: 7.317.202,00 ден.

Вкупно: 383.418.657,00 ден.

2. Завршна сметка

Завршната сметка на буџетот на Општина Теарце за 2025 година претставува реален и целосен преглед на реализацијата на приходите и расходите, како и финансиската состојба на општината за периодот од 01.01.2025 до 31.12.2025 година.

Изработката на Завршната сметка е направена во согласност со одредбите на Законот за буџетите и Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, како и важечките подзаконски акти, врз основа на податоците евидентирани во трезорскиот систем и сметководствените евиденции на општината.

Целта на овој документ е да го прикаже степенот на реализација на буџетското планирање, споредбата меѓу планираните и реализираните средства, како и да обезбеди транспарентност и отчетност во управувањето со јавните средства во текот на фискалната 2025 година.

Завршната сметка го опфаќа реализацијата на приходите и расходите според економската, функционалната и организациската класификација.

Во текот на 2025 година, општината реализираше вкупни приходи во износ од **348.922.815,00 денари**, што претставува **91,0%** реализација во однос на годишното планирање од **383.418.657,00 денари**. Нивото на реализација укажува на задоволителна успешност во наплатата на приходите, со исклучок на одредени специфични категории каде реализацијата била пониска.

Приходите од основниот буџет се реализирани во износ од **148.779.909,00 денари**, односно **86,70%** од годишното планирање од **171.612.237,00 денари**, што покажува релативно добра реализација.


Во однос на блок-дотациите за основно образование, реализацијата изнесува **195.518.945,00 денари**, односно **99,32%** од планираниот износ од **196.847.971,00 денари**, што претставува речиси целосна реализација на оваа категорија на приходи. Од друга страна, за блок-дотацијата за детската градинка во текот на 2025 година не е реализиран ниту еден приход, иако бил планиран износ од **5.641.247,00 денари**, што резултира со целосна нереализација на оваа буџетска ставка.

Во категоријата на сопствени финансиски активности, за основните училишта се реализирани приходи во износ од **52.473,00 денари**, што претставува само **5,25%** од годишното планирање, укажувајќи на значително пониска реализација од предвидената. Исто така, за сопствените активности на детската градинка не се реализирани приходи во текот на 2025 година, иако биле планирани **1.000.000,00 денари**.

Приходите од донации се реализирани во износ од **4.571.488,00 денари**, односно **62,48%** од планираните **7.317.202,00 денари**, што покажува делумна реализација во оваа категорија.

Во целина, реализацијата на приходите за 2025 година се карактеризира со високо ниво на реализација кај блок-дотациите за основно образование.

Приходна сметка	План 2025	Реализација2025 (во ден.)	%
Основен буџет на општината	171.612.237,0	148.779.909,0	86,7
Донации	7.317.202,0	4.571.488,0	/
Кредити	0,0	0,0	/
Самофинансирачки активностиГрадинка	1.000.000,0	0,0	
Самофинансирачки активности Оснивно Училиште	1.000.000,0	52.473,0	5,2
Дотации Основно училиште	196.847.971,0	195.518.945,0	99,3
Дотациионовно Градинка	5.641.247,0	0,0	
Вкупен приход	383.418.657,0	348.922.815,0	91,0



2.1. Дел од приходите во вкупниот буџет

Планираните извори на приходи од кои се финансирани расходите на Општина Теарце за 2025 година ги опфаќаат даночните приходи, неданочните приходи, капиталните приходи, како и трансферите и донациите.

Во текот на 2025 година, даночните приходи се реализирани во износ од **45.669.763 денари**, што претставува **95,64% реализација** во однос на годишното планирање. Ова ниво на реализација покажува задоволително исполнување на буџетските проекции во оваа категорија, со мало отстапување од првично планираното.


Во категоријата на неданочни приходи, реализацијата изнесува **1.120.238 денари**, односно **38,04%** од планираното. Ова ниско ниво на реализација укажува дека приходите од оваа категорија не се остварени согласно буџетските предвидувања.

Капиталните приходи се реализирани во износ од **1.362.271 денари**, или **33,98%** од годишното планирање, што одразува делумна реализација и значително отстапување од првичните проекции.

Најголемиот дел од приходите го сочинуваат **трансферите и донациите**, кои се реализирани во износ од **301.742.224 денари**, што претставува **91,80% реализација** во однос на планираното за 2025 година. Во рамките на оваа категорија се вклучени и средствата обезбедени за реализација на инфраструктурни проекти, финансирани во рамките на **вториот јавен повик на Владата за поддршка на инфраструктурни проекти во единиците на локалната самоуправа**.

Ова високо ниво на реализација на трансферите и донациите директно придонесе за финансиската стабилност на општината, овозможувајќи не само редовно финансирање на надлежностите и законските обврски, туку и реализација на капитални инвестиции и инфраструктурни проекти од значење за локалниот развој и подобрување на условите за живот на граѓаните.

		ВКУПНО ПРИФОДИ 2025	Планирани	Реализирани	%
			381.418.657,00	**348.789.397,00**	**91,4**
71		**Даночни приходи**	**47.754.408,00**	**45.669.763,00**	**95,6**
	711	Данок од доход, добивка и капитални добивки	5.365.000,00	5.139.745,00	**95,8**
	713	Даноци на имот	12.656.397,00	16.657.879,00	**131,6**
	717	Даноци на специфични услуги	29.723.011,00	23.845.316,00	**80,2**
	718	Такси за користење или дозволи за вршење на дејност	10.000,00	26.823,00	**268,2**
72		**Неданочи приходи**	**945.000,00**	**1.067.765,00**	**113,0**
	722	Такси и надоместоци	640.000,00	885.224,00	**138,3**
	723	Административни такси и надоместоци	100.000,00	0,00	**0,0**
	725	Други неданочни приходи	205.000,00	182.541,00	**89,0**
73		**Капитални приходи**	**4.010.000,00**	**1.362.271,00**	**34,0**
	733	Продажба на земјиште и нематеријални вложувања	4.010.000,00	1.362.271,00	**34,0**
74		**Трансфери и донации**	**328.709.249,00**	**300.689.598,00**	**91,5**
	741	Трансфери од други нивоа на власт	**321.392.047,00**	**296.118.110,00**	**92,1**
	742	Донации од странство	7.317.202,00	4.571.488,00	



2.1.1 Приказ на планираните и реализираните приходи во Основниот буџет по сметки

Основниот буџет на општината претставува основен дел од буџетот преку кој се финансираат сопствените надлежности на општината, функционирањето на општинската администрација и реализацијата на програмите и проектите во интерес на граѓаните. Тој обезбедува финансиска стабилност и овозможува одржливо управување со приходите и расходите во согласност со законот.


Посебно значење во рамките на основниот буџет имаат сопствените извори на приходи на општината, кои опфаќаат: локални такси, локални даноци и надоместоци, приходи од имотот на општината, самопридонес, парични казни, донации, како и други приходи утврдени со закон. Овие извори претставуваат показател за нивото на финансиска автономија на општината и директно влијаат врз нејзиниот капацитет за планирање и реализација на развојни политики на локално ниво.

Преку внимателно планирање и ефикасна реализација на основниот буџет, општината обезбедува квалитетно обезбедување на јавни услуги, одржување на локалната инфраструктура и исполнување на законските обврски кон граѓаните и институциите.

Прикажување на планираните и остварените прихоти во основниот Буџет по вид и категории

		ВКУПНО ПРИФОДИ 2025	Планирани	Реализирани	%
			171.612.237,00	**148.779.909,00**	**86,7**
71		**Даночни приходи**	**47.754.408,00**	**45.669.763,00**	**95,6**
	711	Данок од доход, добивка и капитални добивки	5.365.000,00	5.139.745,00	**95,8**
	713	Даноци на имот	12.656.397,00	16.657.879,00	**131,6**
	717	Даноци на специфични услуги	29.723.011,00	23.845.316,00	**80,2**
	718	Такси за користење или дозволи за вршење на дејност	10.000,00	26.823,00	**268,2**
72		**Неданочи приходи**	**945.000,00**	**1.067.765,00**	**113,0**
	722	Такси и надоместоци	640.000,00	885.224,00	**138,3**
	723	Административни такси и надоместоци	100.000,00	0,00	**0,0**
	725	Други неданочни приходи	205.000,00	182.541,00	**89,0**
73		**Капитални приходи**	**4.010.000,00**	**1.362.271,00**	**34,0**
	733	Продажба на земјиште и нематеријални вложувања	4.010.000,00	1.362.271,00	**34,0**
74		**Трансфери и донации**	**118.902.829,00**	**100.680.110,00**	**84,7**
	741	Трансфери од други нивоа на власт	**118.902.829,00**	**100.680.110,00**	**84,7**

Следи графичко прикажување на планирани приходи и реализирани приходи.



Прикажување на планираните и остварените приходи по сметки

Вкупните планирани приходи во **Основниот буџет** во износ од **171.612.237,00 денари** се реализирани во вредност од **148.779.909,00 денари**, што претставува **86,70% реализација** во однос на планираното.

71 – ДАНОЧНИ ПРИХОДИ

Од планираните **47.754.408,00 денари**, реализирани се **45.669.763,00 денари** или **95,63%**.

✓ **711 – Данок на доход, добивка и капитални добивки**

Од планираните **5.365.000,00 денари**, реализирани се **5.139.745,00 денари** или **95,80%**.

✓ **713 – Данок на имот**

Од планираните **12.656.397,00 денари**, реализирани се **16.657.879,00 денари** или **131,62%**, што претставува реализација значително над планираното.

✓ **717 – Данок на специфични услуги**

Од планираните **29.723.011,00 денари**, реализирани се **23.845.316,00 денари** или **80,23%**.

✓ **718 – Такси за користење или дозвола за вршење дејност**

Од планираните **10.000,00 денари**, реализирани се **26.823,00 денари** или **268,23%**, што претставува реализација значително над планираното.

72 – НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ

Од планираните 945.000,00 денари, реализирани се 1.067.765,00 денари или 112,99%.

✓ **722 – Глоби, судски и административни такси**

Од планираните **640.000,00 денари**, реализирани се **885.224,00 денари** или **138,32%**.

✓ **723 – Административни такси и тарифи**

Од планираните **100.000,00 денари**, не се реализирани приходи (**0,00 денари**) или **0%**.

✓ **725 – Други неданочни приходи**

Од планираните **205.000,00 денари**, реализирани се **182.541,00 денари** или **89,04%**.

73 – КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ

Од планираните **4.010.000,00 денари**, реализирани се **1.362.271,00 денари** или **33,97%**.

✓ **733 – Продажба на земјиште и нематеријални инвестиции**

Од планираните **4.010.000,00 денари**, реализирани се **1.362.271,00 денари** или **33,97%**.

74 – ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ

Од планираните **118.902.829,00 денари**, реализирани се **100.680.110,00 денари** или **84,67%**.

741 – Трансфери од други нивоа на власт

Од планираните **118.902.829,00 денари**, реализирани се **100.680.110,00 денари**, што претставува **84,67% реализација** во однос на планираното.

Во рамките на оваа категорија се вклучени и **капитални трансфери од други нивоа на власт**, во износ од **45.034.671,00 денари**, кои се однесуваат на финансирање на инфраструктурни проекти од страна на Владата.

Од овие средства се реализирани следните проекти:

✓ **Реконструкција на локалниот пат с. Лешок – с. Непроштено**, со реализација од **7.051.975,00 денари**;

✓ **Изградба на краци на фекална канализација во с. Першевце, с. Глогји и с. Доброште**, со реализација од **37.982.696,00 денари**.

На сметката Самофинансирачки активности планирани и реализирани се следните приходи

БУЏЕТ НА САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ НА ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА	Планирани	Реализирани
ВКУПНИ ПРИХОДИ	1.000.000	**52.473**
72 Неданочни приходи	**1.000.000**	**52.473**
723 Такси и надоместоци	1.000.000	**52.473**

Приходите кои се планирани на сметката на Самофинансирачки активности се средства кои ги остваруваат и со кои располагаат основните општински училишта.

Вкупно планираните приходи на сметката Самофинансирачки активности (1.000.000)се реализирани во износ од 52.473 денари или 5,25 %.

Остварувањето на приходите поодделно кај основните општински училишта, Советот на Општина ќе може да го констатира преку разгледување на завршните сметки на основните општински училишта.

На сметката Донација планирани и реализирани се следните приходи

БУЏЕТ НА Донации	Планирани	Реализирани
ВКУПНИ ПРИХОДИ	**7.317.202**	**4.571.488**
74 Трансфери и донации	**7.317.202**	**4.571.488**
742Донации од странство	**7.317.202**	**4.571.488**

Во категоријата **донации** се планирани средства во износ од **7.317.202,00 денари**, додека реализацијата изнесува **4.571.488,00 денари**, што претставува околу **62,5% реализација** во однос на планираното.

Во рамките на оваа категорија се опфатени три проекти:

Проектот за Општинското основно училиште „Фаик Коница“, со планиран износ од **560.076,00 денари**, при што реализацијата изнесува **100%**, како дел од донациите реализирани во текот на буџетската година.

Два проекти финансирани од United Nations Development Programme (**UNDP**):

Проект за спорт и рекреација, со планиран износ од **5.657.517,00 денари**, додека реализацијата изнесува **3.875.458,00 денари**;

Проект за подготовка на техничка документација, со планиран износ од **1.099.609,00 денари**, додека реализацијата изнесува **137.000,00 денари**.

Пониската реализација во однос на планираното кај овие проекти е поврзана со динамиката на имплементацијата и исплатата на средствата, при што дел од активностите се очекува да продолжат и да бидат завршени во наредниот буџетски период.

2.2. Приказ на планираните и реализираните расходи според вид и сметки

Локалните расходи се директно поврзани со обезбедувањето на потребите и услугите за граѓаните; поради тоа, нивната структура и начинот на распределба имаат особено значење и треба да бидат транспарентни и оправдани. Во продолжение се прикажани главните расходи на општината за 2025 година, според видот и економската класификација.

За периодот јануари–декември 2025 година, вкупните расходи на Буџетот на општината се реализирани во износ од **348.922.815,00 денари**, или **91,01%** во однос на вкупно планираните расходи, кои за 2025 година изнесуваат **383.418.657,00 денари**.


Ова ниво на реализација укажува на внимателно и одржливо финансиско управување, со почитување на принципите на економичност, ефикасност и ефективност во користењето на буџетските средства.

Структурата на расходите опфаќа тековни расходи (плати и придонеси, стоки и услуги, субвенции и трансфери), како и капитални расходи за инвестиции во инфраструктура, образование, култура, спорт и други области кои се во надлежност на општината. Значителен дел од средствата е насочен кон исполнување на законските обврски и нормалното функционирање на општинската администрација, додека останатиот дел е наменет за реализација на развојни проекти од интерес за локалната заедница.

Во целина, реализацијата на расходите во текот на 2025 година одразува буџетска дисциплина и ориентација кон стратешките приоритети на општината, обезбедувајќи истовремено финансиска стабилност и континуитет во обезбедувањето на јавните услуги.

		ВКУПНО РАСХОДИ 2025	Планирани	Реализирани	%
			383.418.657,00	348.922.815,00	91,00
40		**Плати наемнини и надоместоци**	**230.034.630,00**	**225.369.974,00**	97,97
	401	Основни плати и надоместоци	158.209.867,00	155.790.570,00	98,47
	402	Придонеси за социјално осигурување од работодавачите	62.295.251,00	60.247.633,00	96,71
	404	Надоместоци	9.529.512,00	9.331.771,00	97,92
41		**Резерви и недефинирани расходи**	**900.000,00**	**115.000,00**	12,78
	412	Постојана резерва (непредвидливи расходи)	400.000,00	40.000,00	10,00
	413	Тековни резерви (разновидни расходи)	500.000,00	75.000,00	15,00
42		**Стоки и услуги**	**57.111.067,00**	**53.214.878,00**	93,18
	420	Патни и дневни расходи	310.000,00	295.198,00	95,23
	421	Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт	17.684.784,00	17.138.976,00	96,91
	423	Ситен инвентар, алат и други материјали за поправки	7.851.799,00	6.549.317,00	83,41
	424	Поправки и тековно одржување	5.404.423,00	4.942.596,00	91,45
	425	Договорни услуги	9.014.061,00	7.725.039,00	85,70
	426	Други тековни расходи	3.026.000,00	2.756.394,00	91,09
	427	Привремени вработувања	13.820.000,00	13.807.358,00	99,91
46		**Субвенции и трансфери**	**8.378.807,00**	**2.885.358,00**	34,44
	463	Трансфери до невладини организации	530.000,00	376.000,00	70,94
	464	Разни трансфери	7.848.807,00	2.509.358,00	31,97
47		**Социјални бенефиции**	**300.000,00**	**297.784,00**	99,26
	471	Социјални надоместоци	300.000,00	297.784,00	99,26
48		**Капитални расходи**	**86.694.153,00**	**67.039.821,00**	77,33
	480	Резерви за капитални расходи	360.000,00	352.109,00	97,81
	482	Други градежни објекти	85.900.099,00	66.584.750,00	77,51
	483	Купување мебел,	434.054,00	102.962,00	23,72

ГРАФИЧКО ПРИКАЖУВАЊЕ НА ПЛАНИРАНИТЕ И ОСТВАРЕНИТЕ РАСХОДИ ПО ВИДОВИ



2.2.1.Приказ на планираните и реализираните расходи во Основниот буџет на општината, според сметки

Планираните расходи во Основниот буџет на општината за 2025 година не смеат да ги надминат планираните приходи за фискалната година, односно средствата обезбедени од сопствените приходи и другите приходи со кои се финансираат овие расходи. Овој принцип обезбедува буџетска рамнотежа и финансиска одржливост во извршувањето на надлежностите на општината.

Со Основниот буџет на општината за 2025 година, расходите се планираат според програми и потпрограми, што овозможува јасен приказ на расходите според функциите на општината, во согласност со програмската и економската класификација. Овој начин на планирање ја зголемува транспарентноста и овозможува полесно следење на реализацијата на средствата според нивната намена и дестинација.

Расходите во Основниот буџет главно опфаќаат:

✓ расходи за плати и придонеси на вработените во општинската администрација;

✓ расходи за стоки и услуги за редовно функционирање на институциите;

✓ трансфери и субвенции во согласност со законските надлежности;

✓ како и капитални расходи за инвестиции во инфраструктура и проекти од локален интерес.


Реализацијата на расходите во Основниот буџет во текот на 2025 година се одвиваше во согласност со динамиката на наплатата на приходите, со почитување на законските ограничувања и процедурите за јавни набавки. Секој расход е извршен врз основа на претходно планирање и соодветно овластување, обезбедувајќи финансиска дисциплина и рационално користење на буџетските средства.

Во целина, Основниот буџет претставува главен финансиски инструмент за реализација на основните функции на општината, гарантирајќи стабилно административно функционирање и континуирано обезбедување услуги за граѓаните.

Прикажување на планираните и остварените расходи од Основен Буџет по сметки

		ВКУПНО РАСХОДИ 2025	Планирани	Реализирани	%
			171.612.337,00	147.842.701,00	86,15
40		**Плати наемнини и надоместоци**	**41.464.400,00**	**40.995.253,00**	98,87
	401	Основни плати и надоместоци	25.580.000,00	25.345.144,00	99,08
	402	Придонеси за социјално осигурување од работодавачите	9.684.400,00	9.634.034,00	99,48
	404	Надоместоци	6.200.000,00	6.016.075,00	97,03
41		**Резерви и недефинирани расходи**	**900.000,00**	**115.000,00**	12,78
	412	Постојана резерва (непредвидливи расходи)	400.000,00	40.000,00	10,00
	413	Тековни резерви (разновидни расходи)	500.000,00	75.000,00	15,00
42		**Стоки и услуги**	**41.859.964,00**	**41.399.081,00**	98,90
	420	Патни и дневни расходи	310.000,00	295.198,00	95,23
	421	Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт	8.880.000,00	8.874.898,00	99,94
	423	Ситен инвентар, алат и други материјали за поправки	4.840.000,00	4.598.580,00	95,01
	424	Поправки и тековно одржување	4.130.000,00	4.120.259,00	99,76
	425	Договорни услуги	7.589.964,00	7.461.193,00	98,30
	426	Други тековни расходи	2.290.000,00	2.241.595,00	97,89
	427	Привремени вработувања	13.820.000,00	13.807.358,00	99,91
46		**Субвенции и трансфери**	**7.485.000,00**	**2.041.712,00**	27,28
	463	Трансфери до невладини организации	530.000,00	376.000,00	70,94
	464	Разни трансфери	6.955.000,00	1.665.712,00	23,95
47		**Социјални бенефиции**	**300.000,00**	**297.784,00**	99,26
	471	Социјални надоместоци	300.000,00	297.784,00	99,26
48		**Капитални расходи**	**79.602.973,00**	**62.993.871,00**	79,14
	480	Резерви за капитални расходи	360.000,00	352.109,00	97,81
	482	Други градежни објекти	79.142.973,00	62.572.292,00	79,06
	483	Купување мебел,	100.000,00	69.470,00	69,47

ГРАФИЧКО ПРИКАЖУВАЊЕ НА ПЛАНИРАНИТЕ И ОСТВАРЕНИТЕ РАСХОДИ ПО ВИДОВИ



Прикажување на планираните и остварените расходи по сметки

1. Расходи за плати и надоместоци

401 – Основни плати

За плати, персонален данок на вработените и на Градоначалникот на општината се потрошени 25.345.144,00 денари.

402 – Придонеси за социјално осигурување

За социјалните придонеси на вработените и на Градоначалникот се потрошени 9.634.034,00 денари.

404 – Надоместоци и други бенефиции

За надоместоци на Советот на општината се потрошени 4.649.310,00 денари, додека за регрес и јубилејни награди за администрацијата 1.366.765,00 денари.

427 – Привремени вработувања

За лица ангажирани преку агенции за вработување се потрошени 13.807.358,00 денари.

2. Резерви и надоместоци

412 и 413 – Постојани и тековни резерви

Средствата се користени за надоместоци во случај на смрт на вработени или членови на нивните семејства, како и за непредвидени случаи (на пр. надоместоци за каснувања од бездомни кучиња).

471 – Социјални надоместоци

За социјална помош и еднократни помошти се потрошени 297.784,00 денари.

3. Оперативни расходи

420 – Патувања и дневници

Потрошени се 190.950,00 денари за патни трошоци и 104.248,00 денари за дневници.

421 – Комунални услуги, енергија, комуникација и транспорт

Вкупно се потрошени 8.874.898,00 денари, од кои:

✓ Електрична енергија: 6.640.697,00 денари

✓ Администрација: 940.697,00 денари

✓ Јавно осветлување: 5.700.000,00 денари

✓ Гориво за возила и автобус: 953.451,00 денари

✓ Греење на објектот: 491.273,00 денари

✓ Телефонски трошоци: 524.040,00 денари

✓ Поштенски услуги: 113.587,00 денари

✓ Регистрација на возила: 43.615,00 денари

423 – Материјали и ситен инвентар

Вкупно се потрошени 4.598.580,00 денари, главно за одржување на јавното осветлување и други

комунални потреби.

✓ За канцелариски материјали: 243.892,00 денари

✓ За списанија, весници и стручна литература: 27.592,00 денари

✓ За прехранбени производи и пијалаци: 184.571,00 денари

✓ За хигиенски материјали: 306.715,00 денари

✓ За други материјали: 3.835.810,00 денари, главно за одржување на јавното осветлување и други комунални потреби.

424 – Поправки и одржување

Вкупно 4.120.259,00 денари, за одржување на возила, патишта, опрема, зелени површини, софтвери и друга општинска опрема.

✓ За одржување на возила: 867.493,00 денари

✓ За дезинфекција, дезинсекција и дератизација: 246.870,00 денари

✓ За одржување на патишта и улици: 1.192.200,00 денари

✓ За хардверско и софтверско одржување: 347.396,00 денари

✓ За одржување на зелени површини: 303.750,00 денари

✓ За друга опрема: 1.050.000,00 денари

✓ За поправка и одржување на мебел: 106.400,00 денари.

425 – Договорни услуги

Потрошени се 7.461.193,00 денари, вклучувајќи: договори на дело, третман на бездомни кучиња, изработка на урбанистички планови, правни услуги и осигурувања.

✓ Осигурување на возила: 22.549,00 денари

✓ Договори на дело: 1.500.000,00 денари

✓ Правни услуги и консултации: 191.015,00 денари

✓ Третман на бездомни кучиња: 1.070.685,00 денари

✓ Изработка на урбанистички планови: 831.544,00 денари

Во рамките на проектите финансирани од United Nations Development Programme (UNDP):

✓ За проектот за подобрување на спортските услови е реализирано кофинансирање во вредност од 2.500.017,00 денари,

✓ додека за проектот за подготовка на техничка документација за паркови со соларно осветлување кофинансирањето изнесува 246.470,00 денари.

Исто така,

✓ за Центарот за регионален развој се потрошени 884.917,00 денари.

426 – Други тековни расходи

Потрошени се 2.241.595,00 денари, за членарини (ЗЕЛС), репрезентација, семинари, јавни огласи и други оперативни трошоци.

✓ За членарина во домашни организации (ЗЕЛС): 176.940,00 денари

✓ За репрезентациски трошоци: 1.046.324,00 денари

✓ За семинари и конференции: 171.172,00 денари

✓ За објавување на огласи: 162.628,00 денари

✓ За други оперативни трошоци: 684.531,00 денари.

4. Трансфери

463 – Трансфери за НВО и спортски клубови

Вкупно 376.000,00 денари:

✓ За невладини организации: 316.000,00 денари

✓ За спортски клубови: 60.000,00 денари.

464 – Различни трансфери

Вкупно се потрошени 1.665.712,00 денари, од кои:

✓ За ЈП „Хигиена“: 1.300.000,00 денари

✓ За други трансфери: 365.712,00 денари.

5. Капитални расходи

480 – Набавка на опрема и машини

Потрошени се 352.109,00 денари (информатичка и опрема за греење).

✓ За информатичка опрема: 256.109,00 денари

✓ За опрема за греење: 96.000,00 денари.

482 – Други градежни објекти

Потрошени се 62.572.292,00 денари за изградба и реконструкција на патишта и други објекти.

✓ Инфраструктурни проекти (прв повик на Владата)

Реализирани се вкупно 45.034.671,00 денари, вклучувајќи:

✓ Фекална канализација во Першевце, Глогје и Доброште: 37.982.696,00 денари

✓ Реконструкција на патот Непроштено – Лешок: 7.051.975,00 денари

✓ Изградба и реконструкција на локални патишта: 12.316.544,00 денари

✓ Други градежни објекти: 5.221.077,00 денари

483 – Набавка на мебел

Потрошени се 69.470,00 денари за набавка на канцелариски мебел.

2.2.2. ПЛАНИРАЊЕ И РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАСХОДИТЕ ВО БУЏЕТОТ НА САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ НА ОПШТИНА ТЕАРЦЕ ЗА 2025 ГОДИНА

БУЏЕТ НА САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ	планирани	реализирани
ВКУПНИ РАСХОДИ	**2.000.000**	**18.000**
42 Стоки и услуги	**2,000.000**	**18.000**
421 Комунални услуги	340.000	
423 Материјали и ситен инвентар	710.000	
424 Поправки и тековно одржување	350.000	18.000
425 Договорни услуги	150.000	
426 Други тековни расходи	150.000	0
483 Набавка на мебел	300.000	0

Вкупно планираните расходи на сметката за самофинансирачки активности (2.000.000) се реализирани во износ од 18.000 денари:

N1 – Образование и V1 – Градинка.

Реализацијата на расходите по ставки е како што следува:

421 Комунални услуги, од планирани 340.000 денари, реализирани се расходи во износ од 0,00 денари.

423 Материјали и ситен инвентар, од планирани 170.000 денари, реализирани се расходи во износ од 0,00 денари.

424 Поправки и тековно одржување, од планирани 350.000 денари, реализирани се расходи во износ од 18.000,00 денари.

425 Договорни услуги, од планирани 150.000 денари, реализирани се расходи во износ од 0,00 денари.

426 Други тековни расходи, од планирани 150.000 денари, реализирани се расходи во износ од 0,00 денари.

483 Набавка на мебел, од планирани 300.000 денари, реализирани се 0,00 денари.

2.2.3. ПЛАНИРАЊЕ И РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАСХОДИТЕ ВО БУЏЕТОТ НА ДОНАЦИИ НА ОПШТИНА ТЕАРЦЕ ЗА 2025 ГОДИНА

БУЏЕТ НА ДОНАЦИИ	планирани	реализирани
ВКУПНИ РАСХОДИ	**7.317.202**	**4.571.488**
423 Материјали и ситен инвентар	560.076	559.030
482 Други градежни материјали	6.856.735	4.012.458

Вкупно планираните расходи на сметката за донации (7.317.202) се реализирани во износ од 4.571.488 денари.

423 Материјали и ситен инвентар, од планирани 560.076 денари, реализирани се расходи во износ од 559.030 денари.

3. ДЕЛ ОД БУЏЕТОТ НА БЛОК-ДОТАЦИИ

Покрај Основниот буџет, Општината располага и со Буџетот на блок-дотации, кој претставува составен дел од вкупниот буџет на општината. Овој буџет има за цел финансирање на делегираните надлежности од централната власт, конкретно во областа на основното образование.

Блок-дотациите се средства кои се доделуваат од централната власт на општините според посебна методологија утврдена од Министерството за финансии, додека нивното планирање и реализација се одобрува од Советот на општината. Овие средства се наменети исклучиво за финансирање на функционирањето на основните училишта кои дејствуваат на територијата на Општина Теарце.

Средствата од блок-дотациите се користат за:

✓ плати и придонеси на вработените во основните училишта;

✓ надоместоци и други бенефиции во согласност со закон;

✓ материјални трошоци (електрична енергија, греење, вода, наставни и административни материјали);

✓ одржување на училишните објекти и други оперативни трошоци поврзани со образовниот процес.

Вкупната вредност на блок-дотацијата за Општина Теарце за 2025 година, заедно со пренесеното салдо од претходната година, е планирана во износ од 196.847.971,00 денари.


Овој буџет претставува многу важен сегмент од општинските финансии, имајќи предвид дека обезбедува редовно функционирање на системот на основното образование во општината. Внимателното управување со овие средства е од суштинско значење за гарантирање на финансиската стабилност на училиштата, редовната исплата на вработените и создавање соодветни услови за одвивање на наставниот процес.

Во целина, блок-дотациите обезбедуваат континуитет на децентрализираните надлежности во образованието и претставуваат значајна финансиска и административна одговорност за општината.

ПРИКАЖУВАЊЕ НА ПЛАНИРАНИТЕ И ОСТВАРЕНИТЕ ПРИХОДИ ПО ВИДОВИ И СМЕТКИ

		ВКУПНО ПРИФОДИ	Планирани	Реализирани
			196.847.971,00	**196.490.626,00**
74		**Даночни приходи**	**196.847.971,00**	**196.490.626,00**
	741	Трансфери од други нивоа на власт	195.438.000,00	196.490.626,00
	741114	C* 31,12,2024	1.409.971,00	0,00

ГРАФИЧКО ПРИКАЖУВАЊЕ НА ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ТЕАРЦЕ



ПЛАНИРАЊЕ И РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАСХОДИТЕ КАЈ БЛОК ДОТАЦИИТЕ

		ВКУПНО РАСХОДИ	Планирани	Остварени	%
			196.847.971,00	196.490.626,00	99,8
40		**Плати наемнини и надоместоци**	**184.728.983,00**	**184.374.721,00**	99,8
	401	Основни плати и надоместоци	130.588.620,00	130.445.426,00	99,9
	402	Придонеси за социјално осигурување од работодавачите	50.810.851,00	50.613.599,00	99,6
	404	Надоместоци	3.329.512,00	3.315.696,00	99,6
42		**Стоки и услуги**	**11.241.127,00**	**11.238.767,00**	100,0
	420	Патни и дневни расходи	0,00	0,00	0,0
	421	Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт	8.264.784,00	8.264.078,00	100,0
	423	Ситен инвентар, алат и други материјали за поправки	1.391.723,00	1.391.707,00	100,0
	424	Поправки и тековно одржување	804.423,00	804.337,00	100,0
	425	Договорни услуги	264.197,00	263.846,00	99,9
	426	Други тековни расходи	516.000,00	514.799,00	99,8
46		**Субвенции и трансфери**	**843.807,00**	**843.646,00**	100,0
	464	Други трансфери	843.807,00	843.646,00	100,0
48		**Капитални расходи**	**34.054,00**	**33.492,00**	98,3
	483	Купување мебел,	34.054,00	33.492,00	98,3
				357.345,00	

ГРАФИЧКО ПРИКАЖУВАЊЕ НА ОСТВАРЕНИТЕ РАСХОДИ ПО ВИДОВИ ВО ДЕЛОТ НА БЛОК ДОТАЦИИТЕ



4. ПОБАРУВАЊА И ОБВРСКИ

4.1 ПОБАРУВАЊА

Побарувања од граѓаните – даночни обврзници

Данок на имот – 5.641.509,00 денари

Такса – регистрација на фирма – 2.135.000,00 денари

ВКУПНО ПОБАРУВАЊА: 7.776.509,00 денари

4.2 ОБВРСКИ

Според сметководствената евиденција, во периодот 01.01 – 31.12.2025, неплатените обврски на Општината кон добавувачите изнесуваат **45.097.003,00 денари**.

Структура на обврските

Најголемиот дел од обврските се создадени во следните категории:

Други градежни објекти во износ од **35.855.119,00 денари**, што претставува **79,51%** од вкупните обврски.

Поправки и тековно одржување во износ од **4.360.907,00 денари**, со учество од **9,67%.**

Други обврски во износ од **4.880.977,00 денари**, со учество од **10,82%**, кои вклучуваат: комунални услуги, греење, комуникации, транспорт, материјали и ситен инвентар, договорни услуги, други тековни расходи, привремени вработувања, субвенции и трансфери.

Некои од најголемите обврски

Во продолжение се прикажани некои од обврските со поголема вредност:

Обврска кон **Пелагониа АД Гостивар** за асфалтирање на патот Доброште–Нераште, во износ од **16.248.933,00 денари**.

Обврски кон **Урбан План Конструктион** за градежни работи за потребите на општината, во износ од **8.311.330,00 денари**, како и за изградба на фекална канализација во село Теарце (крак 20, 21, 22, 23, 24, 25) во износ од **2.147.369,00 денари**.

Обврска кон **Розен Центар** за изградба на нови зелени површини, во износ од 3.861.098,00 денари.

Обврска кон **Интер Пројект** за изработка на техничка документација за различни инфраструктурни проекти, во износ од **1.461.256,00 денари**.

Податоците прикажани во Завршната сметка на Општина Теарце точно и транспарентно ги одразуваат фактичките расходи на средствата по програми, подпрограми и намени, како и реализацијата на приходите по сметки, подсметки и видови приходи, врз основа на целосна и веродостојна сметководствена документација.

Сите финансиски извештаи се подготвени во согласност со законските прописи и стандардите на јавното сметководство и се доставени навремено до надлежните институции.

Структурата на обврските покажува дека најголемиот дел се однесува на капитални проекти и инфраструктурни инвестиции, кои имаат директно влијание врз локалниот развој и подобрувањето на условите за живот на граѓаните.

Годишниот извештај влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Теарце„

Бр. 13-485/3
12.03.2026 година

Теарце

Претседател на Советот на Општината
Лавдим Фаризи